# БЕРОКЛАСЕЦОТ

Во некое село, еден поп имал ногу уба ќерка. Таја сосната, еден ден, била на жетва. Како што жниела, се боцнала на некој трн и почнала да офка и да е викат на сната:

- Несто мори, ела извај ми го трнов, умрев од балка!

- Од трн, мори, се плашиш - рекла сната - брат ти секој ден тукај чкорој ми редит, пак не се плаша.

Девојката ногу се исплашила и е рекла на сната:

- Ако е така, ја не се мажа! Што ќе ми е маж чкорој да ми клават?

Поминале години и поповата ќерка не сакала никако да се мажит. Попот обеќал големи дарој на секого што ќе е натерат некако да се омажит. Се нашло некое момче и му рекол:

- Јас ќе е измама ќерка ти, само ако е пуштиш на жетва со мене.

Попот се сложил и тој ошол на жетва со девојката. Нејсе, како што рекол тој, се сложила девојката голи да жнијат. Таја го опитала:

- Што е то така што ти се матка? (за алатот) - му рекла.

Тој е рекол:

- Ова е берокласец, за класјето збирање! Жниеле што жниеле и дошло време за ручег. Седнале да ручат. Јадат, јадат, а момчето и на берокласецот трошки му ронит одозгора.

- Што прајш така? - му рекла девојката.

- И тој работат и тој требит да јајт - рекол тој.

Ама нешто ногу солено јале и набргу на девојката е се сопило вода. Близу нивата, во една међа имало чешме. Отишле таму да се напијат. Прво тој се наведнал да се напиет и е рекол:

- Затни ми ја шутката одзади, дури да пија да не ми течит вода!

И откако се напил вода рекол:

- О, о, о, што слатка вода!

После се наведнала таја да пиет и му рекла:

- Ај и ти затни ми ја пгуткава!

Тој рекол:

- Како ќе ти е затна, ти имаш две шутки, да ти го кла берокласецов?

- Клај го, - рекла таја.

Е дошло убо и таја рекла:

- О, вистина што била уба водава.

Отишле пак да жнијат. Поминало малку време, а таја рекла:

- О, што ми се пиет вода, ај пак да се напиеме!

Отишле да се напијат и водата е била уште поуба. По малку време пак побарала да пиет вода и така се понабргу. Не нејзе одошто е се пиет вода, туку зарај пустиот берокласец. А момчето е велит:

- Да не ојме на вода, мојме и овде под крушава со берокласецот да свршиме работа.

И така таја видела оти работата е во берокласецот, а не дека водата била блага.

После тој се оженил за неа и го наследил имотот од попот.